РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-409/2
01.03.2021 год.
КОЧАНИ

Друштво за производство,промет и услуги
РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 803-23/1
01.03 2021 год.

01.03.2021
0307-78/1

# Рамковна спогодба

**Склучена помеѓу:**

1. **Општина Кочани**, со седиште на ул. „Раде Кратовче“ бр.1 Кочани, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани Николчо Илијев, во својство на одговорното лице на Договорниот орган – Општина Кочани (во понатамошниот текст: **Корисник на услугата)** и

2. **Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје (за дневен весник “Вечер“)**, со седиште на бул. "Мито Хаџивасилев Јасмин" б.б., Скопје, застапувано од одговорното лице Бобан Богдановски Андрески, со ДБ:4030004503393 и ЕМБС: 5850797, жиро с-ка 300000001860302, депонент на Комерцијална банка АД Скопје, (во понатамошниот текст: **Давател на услугата).**

**Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје (за дневен весник “Нова Македонија“),** со седиште на ул.„Јуриј Гагарин“ бр.15 Скопје, застапувано од одговорното лице Ратко Лазарески, со ДБ:4030006598464 и ЕМБС:6123163, жиро с-ка 210061231630120, депонент на НЛБ банка АД Скопје, (во понатамошниот текст: **Давател на услугата)**

**Предмет на Рамковната спогодба**

**Член 1**

Предмет на оваа повеќекратна Рамковна спогодба е набавка на услуги за:

**Објавување на огласи во дневен печатен медиум (дневен весник) на македонски јазик**

Со оваа Рамковна спогодба се уредуваат правата и обврските на договорните страни за вршење на услугата**:** Објавување на огласи во дневен печатен медиум (дневен весник) на македонски јазик.

Оваа Рамковна спогодба се доделува согласно Одлуката за избор на најповолна понуда од 22.02.2021 година донесена во постапката која ја спроведува договорниот орган со Набавка од мала вредност по објавен оглас бр.01535/2021 од 08.02.2021 година.

Рамковната спогодба се склучува со двајца економски оператори без повторно прибирање понуди, односно со онолку носители на набавката кои имаа поднесено прифатливи понуди.

**Извор на средства и вредност на Рамковната спогодба**

**Член 2**

Средствата за реализација на договорот за јавната набавка се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2021 и 2022 год., Програма ЕО, ставка 426.

**Член 3**

Вкупните планираните средства за реализација на предметот на овој Договор, сукцесивна набавка, за целото времетраење на овој Договор, изнесуваат 600.000,00 ден без ДДВ, или 708.000,00 денари со вклучен ДДВ 18 %, утврдени во Одлуката за јавна набавка.

**Начин и рок на плаќање**

**Член 4**

Плаќањето ќе се врши со доставување на фактура заедно со придружни документи кон фактурата: барањето од Корисникот на услугата за објавување на оглас и оригиналната страница од објавата во весникот.

Плаќањето ќе се врши во рок до 30 (триесет) дена сметано од денот на приемот на фактурата со придружните документи доставени во Архивата на Корисникот на услугата.

Доколку фактурата не биде придружена со нејзините придружни документи, истата ќе му биде вратена на Вршителот на услугата и нема да биде платена .

Согласно чл.57, ст.10 од ЗЈН Рамковната спогодба со повеќе економски оператори не ги обврзува страните на склучување поединечен договор за јавна набавка, оттука Корисникот на услугата нема обврска да склучува поединечни договори со секоја од страните на рамковната спогодба, ефект на договор ќе имаат барањето/нарачка.

За огласите кои ќе се објавуваат во прворангираниот дневен весник Друштво за издавање и маркетинг „Вечер Прес" ДООЕЛ СКОПЈЕ во дневниот весник "Вечер", вредноста на услугата ќе се утврдува согласно понудената единична цена без ддв за 1см2, утврдена во табелата подолу, намалена во согласност со исходот од спроведената електронска аукција.

| **Позиција** | **Големина на простор** | **Единична цена без ДДВ** |
|---|---|---|
| Објава во **втората половина** од весникот со бела позадина | **за 1 см2** | **40,18** |

Во случај на утврдена потреба или законска обврска од истовремено објавување во повеќе печатени медиуми на македонски јазик огласот ќе се објави и кај второ рангираниот понудувач „Нова Македонија" од понудувачот ДППУ „Репро Принт" ДООЕЛ Скопје, а вредноста на услугата ќе се утврдува согласно понудената единична цена без ддв за 1см2, утврдена во табелата подолу, намалена во согласност со исходот од спроведената електронска аукција.

| **Позиција** | **Големина на простор** | **Единична цена без ДДВ** |
|---|---|---|
| Објава во **втората половина** од весникот со бела позадина | **за 1 см2** | **41,65** |

Не се предвидува корекција на цените, односно понудените/утврдените цени ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка, освен при евентуално намалување на цените со заедничка спогодба.

**Начин и рок на извршување на услугата**

**Член 5**

Набавката е сукцесивна и ќе се реализира согласно потребите на Корисникот на услугата и по барање на Корисникот на услугата, а во рамките на планираните средства за реализација на предметот на набавка, утврдени во Одлуката за јавна набавка и чл.3 од оваа рамковна спогодба.

Времетраењето на рамковната спогодба изнесува 12 месеци или до потрошување на вкупната вредност на истата.

Рамковната спогодба се склучува со два економски оператори, без повторно прибирање на понуди со тоа што огласите задолжително ќе се објавуваат првенствено кај прворангираниот понудувач, односно во дневниот весник “Вечер“, а доколку согласно закон Корисникот на услугата има обврска да објави одреден оглас во најмалку два дневни весници на македонски јазик, поединечните нарачки ќе се извршуваат со двајцата економски оператори со кои е склучена рамковната спогодба, односно огласите ќе се објавуваат и во второрангираниот дневен весник “Нова Македонија“.

Договорниот орган го задржува правото да ја утврдува потребата за објавување на огласи, големината, видот, место и бројот на огласите.

Вршителот на услугата е должен да пристапи кон вршење на услугата предмет на договорот по претходно добиено барање (нарачка) од Корисникот на услугата во кое ќе се наведат сите потребни податоци за вршење на предметната услугата согласно техничката спецификација. Барањето ќе се смета за уредно доставено доколку истото е доставено и преку електронските средства за доставување на информации: факс или електронска пошта (e-mail) од Корисникот на услугата.

Во случај на потреба од објавување на оглас, Корисникот на услугата, барањето и материјалот за објава го пријавува кај Вршителот на услугата во тековниот ден за печатење на дневниот весник најдоцна до 10:00 часот, а Вршителот на услугата ќе го објави огласниот материјал во печатеното издание на дневниот весник кое носи календарски датум за утрешниот /наредниот/ ден.
Услугата се смета за извршена по објавување на доставениот огласен материјал.

Датата на објавување на огласот може да биде променета со заемна согласност на двете договорни страни потврдена на писмено или преку мејл.

***Времетраење на важноста на Рамковната спогодба***

**Член 6**

Рамковната спогодба е со времетраење од 1 (една) година, сметано од денот на потпишувањето на истата или до нејзино вредносно исполнување.

***Договорна казна***

**Член 7**

Во случај на доцнење со извршување на услугата од страна на Вршителот на услугата, Корисникот на услугата има право на договорна казна и право да бара надомест на штета.
Договорната казна за задоцнување со исполнување на обврската за објавување на оглас изнесува 1% од вкупната вредност на договорот со ддв за секој ден задоцнување, а во секој случај има право на надомест на штета.
Договорната казна за неисполнување на обврската за објавување на оглас изнесува 5% од вкупната вредност на договорот со ддв.

**Обврски на корисникот на услугата и вршителот на услугата**

**Член 8**

Корисникот на услугата се обврзува на начинот и рокот на плаќање утврден во член 4 од оваа рамковна спогодба.

Вршителот на услугата се обврзува дека услугата ќе ја врши професионално и стручно и согласно стандардите и позитивните законски прописи за ваков вид на услуга, а огласите ќе ги објавува во определениот временски рок и на начин утврдени во членот 5 од

оваа рамковна спогодба.

**Раскинување на договорот**

**Член 9**

Ако Вршителот на услугата не ја исполнува својата обврска договорниот орган може еднострано да го раскине договорот со поднесување на Изјава за раскинување на договор, а во секој случај има право да бара надомест на штета.

**Член 10**

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, а во едниот и во другиот случај во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било несправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

**Член 11**

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

***Виша сила***

**Член 12**

Договорните страни се согласни ниту една страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Договорната страна се обврзува писмено да ја извести другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и страните ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договор.

**Член 13**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од оваа Рамковна спогодба само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите на оваа Рамковна спогодба можат да се изменат и/или дополнат со склучување на анекс на истата.

Дополнувањата и/или измените се важечки ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 14**

За сè што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во РСМ.

**Член 15**

Во случај на спор по оваа Рамковна спогодба, ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 16**

Оваа Рамковна спогодба е составена во 8 (осум) еднакви примероци, од кои 4 /четири/ примерока за Корисникот на услугата, а по 2 /два/ примерока за секој Вршител на услугата.

**за Вршители на услугата,**
**„Вечер Прес“ ДООЕЛ Скопје**
**Одговорно лице,**

**________________________**
**(Бобан Богдановски Андрески)**

**„Репро Принт“ ДООЕЛ Скопје**
**Одговорно лице,**

**________________________**
**(Ратко Лазарески)**

**за Корисник на услугата,**
**Општина Кочани**
**Градоначалник,**

**________________________**
**( Николчо Илијев )**

***Изработил:*** *Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Далиборка Стојанова*
***Контролирал: Раководител на Одделение за правни и општи работи –Венцо Бојков***